# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: СИСТЕМСКА АНАЛИЗА И ДИЗАЈН НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ И Е-БИЗНИС ИНОВАЦИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/факултетот/институтот, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 15.10.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) бизнис менаџмент, по предметите: Системска анализа и дизајн на информациски системи и Е-бизнис иновации, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 02-2179/3 донесена на 25.10.2019, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Јосимовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Калина Треневска-Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Лидија Пулевска-Ивановска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) бизнис менаџмент, по предметите: Системска анализа и дизајн на информациски системи и Е-бизнис иновации, во предвидениот рок се пријави доцент д-р Мијалче Санта.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доцент д-р Мијалче Санта е роден на 29.06.1980 година во Штип. Средно образование завршил во родниот град. Во 1998 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за менаџмент. Во 2001 година, по завршувањето на третата година од студиите го продолжи образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис" во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал како најдобар студент во јануари 2003 година со севкупен просек од 8,18. Во 2004 година се запишал на постдипломските студии по е-бизнис-менаџмент на Aberdeen Business School, The Robert Gordon University. Магистрирал во јуни 2006 година со магистерската теза на тема „SMEs migration to E-business: How it should be done in developing countries? The case of textile SMEs in the Stip region" со просечен успех од 4,78 на скала од 1 до 6.

Во септември 2008 година, на Ecole doctorale de management Pantheon-Sorbonne при University Paris 1 – Pantheon Sorbonne пријавил докторска теза со наслов „Framework for multivariate continous transformation to learning organization", под менторство на проф. д-р Селмин Нуркан. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 17 декември 2014 година, со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор по информатика. Дипломата е